**20251984012**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 81 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 39/25), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита од центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центарот).

Член 2

Спроведувањето и следењето на изречените привремени мерки за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство (во натамошниот текст: жртвите), од страна на стручните лица од центарот се врши итно, со должно внимание за остварување на правата и потребите на жртвата, за да се спречи идно насилство.

Член 3

Изречените привремени мерки за заштита се спроведуваат од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за социјална политика, демографија и млади, со нивно извршување и преземање на дејствија за реализирање на мерката/те, согласно закон.

Член 4

Следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, од страна на стручното лице кој го води предметот во центарот (во натамошниот текст: стручното лице), се врши преку постојана комуникација и координација, редовна размена на информации со институциите и органите кои ги извршуваат изречените привремените мерки, непосредна комуникација со жртвата, здруженија, пријави од граѓани за однесувањето на сторителот за прекршување на привремената мерка за заштита и преземање на дејствија, врз основа на кои може да се утврди дали е постигната целта од изречената привремена мерка за заштита.

Од страна на стручното лице се доставува барање до институцијата и органот кој ја спроведува изречената привремена мерка за заштита за добивање на информациите од ставот 1 на овој член.

Член 5

Од страна на стручното лице се евидентира секое дејствие кое се презема во текот на следењето на изречените привремени мерки за заштита.

Член 6

Од страна на стручното лице се води и изготвува службена документација за следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, и тоа: индивидуален план за безбедност на жртвата и лист на корисник.

Член 7

Од страна на стручното лице, за добиените сознанија од следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита и изготвената службена документација, се известува судот за ефектот од извршувањето на изречената привремената мерка за заштита.

Член 8

Врз основа на следењето на спроведувањето на изречените привремени мерките за заштита, а согласно оценката за ефектот од спроведување на мерката/те од страна на центарот, со согласност на жртвата, се доставува до судот предлог за продолжување, замена или укинување на изречената привремена мерка/те за заштита и преземање на дејствија согласно закон.

Член 9

Од страна на стручното лице се следи спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, и тоа: забрана сторителот на семејно насилство да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата, забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата, отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од најмалку десет, а најмногу 30 дена и забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено, кои се извршуваат од страна на Министерството за внатрешни работи.

Стручното лице, за текот на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита од став 1 на овој член, бара известување од надлежната организациска единица за криминалистички работи за спроведувањето на мерките и активностите за заштита на безбедноста на жртвата и членовите на нејзиното семејство или за спречување од повторување на насилството, најмалку на секои три месеци.

Стручното лице, во текот на следењето на спроведувањето на изречената привремена мерка за заштита, го разгледува и постапува по известувањето од полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи (во натамошниот текст: полицискиот службеник), за текот на извршување на мерката.

Од страна на стручното лице, по добиено известување од став 3 на овој член, за непочитување или прекршување на изречените привремени мерки за заштита веднаш, а најдоцна три дена од денот на добиеното известување, се известува судот.

Од страна на центарот, при изготвување на предлог за продолжување, замена или укинување на изречената привремена мерка за заштита и преземање на други дејствија согласно закон, се зема во предвид известувањето од полицискиот службеник за ефектот за спроведување на привремената мерка за заштита, суштински промени во околината на жртвата или во околината на сторителот, кои можат да влијаат на сигурноста и безбедноста на жртвата или за повторување на насилството.

Член 10

Од страна на стручното лице, при следењето на изречените привремени мерки за заштита, и тоа: сторителот задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството, задолжително законско издржување на семејството и сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството, се контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на овие мерки.

Од страна на центарот, по добиено известување од жртвата за непочитување или прекршување на изречените привремени мерки за заштита веднаш, а најдоцна три дена од денот на добиеното известување, се известува судот.

Член 11

Стручното лице, за начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита задолжителна посета на сторителот во советувалиштето, добива сознанија од давателот на услугата, кој ја извршува изречената привремена мерка за заштита.

Од страна на давателот на услугата - советувалиште, кој го спроведува психо-социјалниот третман за извршување на изречената привремена мерка за заштита задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство, се известува надлежниот центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита, најмалку еднаш месечно за текот на психо-социјалниот третман, а по завршување на третманот, се доставува извештај до надлежниот центар за ефектот од третманот и промената во однесување на сторителот.

Во случај кога сторителот не се јави или го прекине психо-социјалниот третман, од страна на давателот на услугата веднаш, а најдоцна три дена од денот на добивање на сознанието, се известува центарот и се доставува извештај за причините за прекинување на третманот.

Од страна на центарот, по добиено известување од став 3 на овој член, за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита веднаш, а најдоцна три дена од денот на добиеното известување, се известува судот.

Член 12

Стручното лице, за начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита задолжително лекување на сторителот доколку употребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување, добива сознанија од здравствената установа која ја извршува оваа мерка.

Од страна на здравствената установа се доставува извештај за ефектот од лекувањето на сторителот до надлежниот центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита задолжително лекување на сторителот веднаш, а најдоцна три дена по завршување на лекувањето, како и на секои три месеци во текот на лекувањето.

Во случај кога сторителот не се јави или го прекине задолжителното лекување, од страна на здравствената установа веднаш, а најдоцна три дена од добиеното сознание, се известува надлежниот центар.

Од страна на центарот, по добиено известување од став 3 на овој член, за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 13

Од страна на стручното лице, при следењето на спроведувањето на која било друга привремена мерка за заштита, која судот ја изрекол како неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството, се контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на оваа мерка/ки.

Од страна на центарот, по добиено известување од жртвата за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита од став 1 на овој член, веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/21).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-4122/4
23 септември 2025 година
Скопје

Министер за социјална
политика, демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.